# МАЛТА – Нова Година

**30.12.2024 – 03.01.2025 | 4 ноќи - 5 дена | Лет од Скопје**

**Авионска програма ✈**



| | |
|---|---|
| **Авионски лет:** | **WIZZ AIR (Скопје – Малта – Скопје)** |
| **Поаѓање:** | **30.12.2024 во 15:10ч. (Скопје)** |
| **Пристигнување:** | **30.12.2024 во 17:10ч (Истанбул)** |
| **Услуга:** | **4 ноќевања со појадок (4 BB)** |
| **Сместување** | **Хотел 3*** (*Hotel Topaz* или сличен**)** |
| **Друго вклучено:** | **Трансфери + Пратител + Разглед** |
| **Враќање во Скопје:** | **03.01.2024 во 21:20ч.** |

**ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕ:**

**1 ден. ( 30.12.2024 ПОНЕДЕЛНИК ) СКОПЈЕ – МАЛТА**

Состанок на групата на скопскиот аеродром во 15:10 часот. Лет за Малта W6 7765 во 17:10ч. Пристигнување на Малта во 19:00 часот. Трансфер до хотел. Слободно време за индивидуални активности и прошетки. Вечера. **Ноќевање**.

**2 ден ( 31.12.2024 ВТОРНИК) МАЛТА (Валета и Мдина)**

**Појадок**. Организиран целодневен излет во градовите Валета и Мдина. Заминување кон Валета, кој е познат и како "Град изграден од џентламени за џентламени". Овој град на барокот денеска е дом на безброј музеи, вклучувајќи ги, Археолошкиот музеј, Музејот на современа уметност, како и на многубројни продавници, маркети, бутици...Во присуство на локален водич се посетуваат следните места: "Upper Barraca Gardens" од каде што се пружа прекрасна панорама на големиот залив, Катедралата "St.John", украсена со богатсвото кое датира од времето на Витезите на Малта, вклучувајќи го и познатото сликарство на Caravaggio. Претседателската палата, позната како "Grand Master's Palace", украсена со портрети на големите европски монарси, Малтешки претседатели... уникатни гобленски таписерии, и фрески кои ја отсликуваат Големата Опсада. Патувањето продолжува кон Мдина, првата престолнина на Малта позната како "Тивкиот Град". Интригантните тесни и криви улици со стари и раскошни лампи го прави овој град спектакуларен навечер. Смирен и тивок се придавките кои ја кријат вистината за неговот име. Ѕидините на Мдина датираат од 1090г, на главниот плоштад стои барокна катедрала, во Мдина се наоѓаат и катакомбите St.Paul, подземни римски гробишта, кои се користеле се до 4 век. Мозаиците во Domus Romana или Римската Вила кои датираат од 1 век п.н.е се одлична илустрација на Хеленската сликовита култура. Враќање во хотел. Вечерта дочек на Новата 2025 година. **Ноќевање**.

**АУРОРА ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ**
Јане Сандански ДТЦ 13 Ноември, Лок.4, Аеродром – Скопје
**(02) 2464 440 | www.aurora.mk | info@aurora.com.mk**

**3 ден ( 01.01.2025 СРЕДА) МАЛТА (Трите града)**

**Појадок**. Факултативен излет до Трите града (Сенглеа, Коспикуа и Витoриоса (Бургу)) Ова патување започнуива со панорамски разглед кое ќе не однесе до нашата последна станица; Биргу (Витoриоза) каде што витезите го поставиле своето седиште по нивното пристигнување во Малта во 1530 година. Посетата ја вклучува импозантната црква Свети Лоренс и Палатата на инквизиторот. Нашата прошетка потоа ќе не однесе до брегот на Витoриоза каде што може да се восхитуваме извонреден панорамски поглед на „Трите града" и неговите одбранбени линии. Овие градови се познат по својата архитектура, локалните пазари, малите улични кафеани и уникатните фестивали, за вистинско автентично малтешко искуство. Враќање во хотел. **Ноќевање**.

**4 ден ( 02.01.2025 ЧЕТВРТОК) МАЛТА (Остров Гозо)**

**Појадок**. Факултативен излет на островот Гозо. Пристигнување во Чиркева сместен во најзападниот дел на островот, и потоа со фери – брод заминување кон Гозо островот – сестра на Малта. Во присуство на локален водич се посетуваат следните места: Qala Belveder од каде што ќе бидете сведоци на прекрасниот поглед кон Гозо, Комино и Малта заедно. Главниот град Викториа кој го добил името по нејзиното височество кралицата Викториа. Рибарското гратче Xlendi, храмот Ggantija е еден од најстарите и најдобро зачуваните меѓу Малтешките острови, прошетка по карпестата околина на Двејра. Враќање во хотел. **Ноќевање.**

**5 ден ( 03.01.2025 ПЕТОК) МАЛТА – СКОПЈЕ**

**Појадок.** Напуштање на хотелот. Слободно време за индивидуални активности и прошетки. 17:00 трансфер до аеродромот во Малта. Лет за Скопје W6 7766 во 19:35ч. Пристигнување во Скопје во 21:20 часот.

| МАЛТА – Нова Година 2025<br>АВИОНСКА ПРОГРАМА<br>ХОТЕЛ 3* | ПЕРИОД НА ПАТУВАЊЕ | 30.12.2024 – 03.01.2025 |
|---|---|---|
| | УСЛУГИ | 4BB |
| | НОЌЕВАЊА / ДЕНОВИ | 4Н / 5Д |
| **Цена по лице во двокреветна соба – СТАНДАРД ПАКЕТ** (вклучени 2 разгледи: Валета и Мдина) | | **479 € / 29.698 мкд** |
| **Цена по лице во двокреветна соба – СУПЕРИОР ПАКЕТ** (вклучени 4 разгледи: Валета, Мдина, Трите града, остров Гозо) | | **589 € / 36.518 мкд** |
| Доплата за еднокреветна соба | | 70 € / 4.340 мкд |

**Во цената е вклучено:**

- Авионски превоз на релација Скопје – Малта – Скопје со **Wizz Air**
- Рачна торба или ранец (40x30x20cm).
- Сместување и 4 ноќевања со појадок во хотел со 3* (Hotel Topaz или сличен).
- Организирани трансфери на Малта (аеродром – хотел – аеродром)
- Организиран разглед на Валета и Мдина.
- Организација на аранжманот и придружник на патувањето.

**Во цената не е вклучено:**

- Патничко здравствено осигурување.
- Еко такси од 0,5€ на ден – се плаќа на рецепција во хотелот.
- Индивидуални трошоци кои не се наведени во програмата, дополнителни оброци и пијалоци, влезници за културно-историските споменици.
- Користење на одредени содржини во хотел кои може да се предмет на доплата (информации на рецепција).
- Факултативни излети и посети (за СТАНДАРД пакет):
  Посета на Трите града: 50 €
  Посета на Остров Гозо: 80 €

**Забелешки:**

- Организатор на ова патување е друга агенција, партнер на Аурора Турс.
- **За реализација на аранжманот, потребен е минимален број од 20 патници.** Во случај на помал број пријавени патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот или да ја корегира / зголеми цената на истиот.
- Програмата и редоследот на разгледи и посети може да претрпи промени во зависност од состојба на терен и други објективни причини.
- Организаторот го задржува правото за промена на цените за факултативните излети во случај на промена на цените на влезниците во локалитетите.
- Организаторот на патувањето го задржува правото, во случај на промена на цената на превозот (авионските билети), да ја промени и цената на аранжманот.
- За оваа програма важат Општите Услови на Патување.

**АУРОРА ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ**
Јане Сандански ДТЦ 13 Ноември, Лок.4, Аеродром – Скопје
**(02) 2464 440 | www.aurora.mk | info@aurora.com.mk**